<table>
<tr><td>1.</td><td>Наслов на наставниот предмет</td><td colspan="4">Современи политички системи</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Код</td><td colspan="4">50702</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Студиска програма</td><td colspan="4">Политички студии</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)</td><td colspan="4">Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје</td></tr>
<tr><td>5.</td><td>Степен (прв, втор, трет)</td><td colspan="4">Прв</td></tr>
<tr><td>6.</td><td>Академска година/семестар</td><td>Трета година<br>Шести семестар</td><td>7.</td><td>Број на ЕКТС кредити</td><td>6</td></tr>
<tr><td>8.</td><td>Наставник</td><td colspan="4">проф. д-р Тања Каракамишева Јовановска<br>проф. д-р Александар Спасеновски<br>доц. д-р Марко Кртолица</td></tr>
<tr><td>9.</td><td>Предуслови за запишување на предметот</td><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td>10.</td><td colspan="5">Цели на предметната програма (компетенции):</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="5">Целта на овој предмет е да им понуди на студентите продлабочени знаења за компаративните политички системи и да им помогне да ги развијат своите аналитички способности во таа област.<br>Овој предмет ќе им овозможи на студентите:<br>- Да го разберат типот на политички систем во конкретни земји;<br>- Да ги оценат спецификите на политичките системи во конкретни земји;<br>- Да можат да ги анализаираат начините на кои се практикуваат политичките системи во различни држави;<br>- Подобро да ја разберат историската еволуција на политичките системи;<br>- Да ги осознаат предизвиците на современите политички системи.</td></tr>
<tr><td>11.</td><td colspan="5">Содржина на предметната програма:</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="5">Иако компаративното изучување на политичките системи започнува со Аристотеловата Политика и компаративната анализа на 158 устави и системи на Хеленските државички, дисциплината Современи политички системи се стекна со академски статус во почетокот на 20 век.<br><br>Современите класификации на политичките системи се исто толку сложени и тешки за разбирање, како и социјалниот, економскиот, географскиот и културниот амбиент во кој овие системи функционираат. Сепак, може слободно да се каже дека во ерата на посткомунизмот и на глобализацијата либералната демократија станува референтен политички ситем<br><br>Од прагматични причини денеска во науката на современите политички системи доминира критериумот на организацијата на власта при изучувањето на европските и северноамериканските политички системи. Врз таа основа се зборува за модели на парламентарен систем (Велика Британија, Шведска, Сојузна Република Германија, Италија, Шпанија), претседателски систем (САД) и мешовит систем (Франција). Швајцарскиот модел на директоријална, односно компромисна демократија е специфичен модел. Посебно место имаат и т.н. „нови демократии“, а во нивни рамки и "полу демократиите" што произлегоа од распадот на комунизмот. Покрај западните полиархии и новите демократии, во рамките на Современите политички системи се зборува и за современите Источно Азиски и Африкански автократски системи, за теократските режими и за воените режими.<br><br>Во рамките на овој предмет ќе биде изучуван парламентарниот систем, преку примерот со Обединетото Кралство. Овој систем ќе биде проучуван преку неговата историја, политички начела, институции и процеси, избори и изборен систем, политички партии и партиски систем, интересовни групи, локална самоуправа, мас-медиуми и.т.н.<br><br>Предмет на изучување на овој курс ќе биде и политичкиот систем на САД и обидите за рецепција. Истите ќе бидат разгледувани од аспект на нивната уставно-правна историја, политички начела, институции и процеси, локална самоуправа, избори и изборен систем, политички партии и партиски систем, интересни групи, мас-медиуми и јавно мислење и сл.<br><br>Во рамките на курсот ќе се изучуваат и мешовитите системи, преку примерот со Франција и нејзиниот актуелен устав од 1958 година.</td></tr>
<tr><td>12.</td><td>Методи на учење:</td><td colspan="4">Предметот ќе се изучува преку компаративниот метод, casestudy методот, Сократовиот метод,</td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | SWOT анализа, индуктивниот и дедуктивниот метод и.т.н.<br>- Часовите вклучуваат учество на студентите, дебата и анализа на практични случаи. | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 150 | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 60 |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 20 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | |
| | | 16.3 | Домашно учење | 70 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **17.** | **Начин на оценување** | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | 70 поени |
| | **17.2** | **Индивидуална работа / проект (презентација: писмена и усна)** | 20 поени |
| | **17.3** | **Активност и учество** | 10 поени |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | до 51 бода | 5 (пет) (F) |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | Присуство на над 50 % од предавањата | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонскијазик | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | |

**22. Литература**

**22.1 Задолжителна литература**

| **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Саво Климовски, Тања Каракамишева – Јовановска и Александар Спасеновски | Современи политички системи | Фондација „Конрад Аденауер“ и Правен факултет „Јустинијан Први“ | 2017 |

**22.2 Дополнителна литература**

| **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Allmond G.A., Powell, G | Comparative politics today | Glenview | 1988 |
| 2. | Lijphart A | Patterns of Democracy: Government forms and performance on Thirty Six Countries | New Haven | 1999 |
| 3. | Hague R. and M. Harrop | Comparative government and politics: An Introduction | Palgrave | 2001 |